Архивски број: 08-154/20
11.06.26 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-154/1 од 30.01.2026 година поднесена од страна на --- од ---, со адреса на живеење на --- во ---, за дискриминација и вознемирување како облик на дискриминација сторена од страна на Министерство за --- со седиште на --- во --- и лицата ---, ---, ---, ---, --- и ---, сите вработени во наведеното министерство, врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

## **М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА вознемирување** врз подносителката --- од --- врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи, сторена од страна на Министерство за --- – Сектор за --- и ---, полициски службеник во ---.

## **О б р а з л о ж е н и е**

На 30.01.2026 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст: "**Комисијата**") беше поднесена претставка бр. 08-154/1 од страна на --- од ---, за дискриминација и вознемирување како форма на дискриминација извршена од страна на Министерство за --- (понатаму во тектот: "---), и лицата ---, ---, ---, ---, --- и ---, сите вработени во наведеното министерство, а врз политичко уверување во областа на работата и работните односи.

Подносителката во претставката наведе дека нејзиното политичко уверување било јавно познато преку нејзино членство во политичката партија --- и преку нејзиниот претходен ангажман во органите/општински организации на партијата. Наведува дека била вработена во Министерство за --- сметано од --- година на моментално работно место "---" согласно законски спроведен конкурс за отворени работни позиции во министерството и согласно нејзино соодветно стручно образование и квалификации. Според именуваната од месец --- година започнал континуиран притисок врз неа како личност и работник, а во врз основа на нејзината политичка припадност. Од месец --- година била распоредена на работно место --- во ---, а од страна на --- на оваа единица – --- во повеќе наврати била уценувана и заплашувана и и биле упатувани директни закани со цел рушење на нејзиниот работен морал и интегритет, а наведеното одело до степен да сама си поднесе барање за да си замине од наведената организациона единица поради што поднела пријава за "---", како и за "---" до Оддел за ---, до министерот за ---, --- при министерството и директорот на --- во состав на министерството. По завршување на нејзиното боледување и било врачено решение за прераспоредување во друга организациона единица каде извршувала работни задачи на ---, односно во ---, Одделение за ---, каде

дискриминацијата кон неа не завршила туку се интензивирала. Од страна на --- на Одделение за ---, --- во повеќе наврати била заплашувана со изјави дека од негова страна била тонски снимана. Наведува дека повеќепати не и биле впишувани и часови од прекувремена и празнична работа.

Понатаму, подносителката наведува дека на 02.09.2025 година од страна на --- на одделение за ---, --- била неовластено фотографирана во внатрешноста на просториите на наведената организациона единица додека била работно ангажирана за што поднела претставка до --- во врска со кривично дело-"---" по член --- став --- од Кривичниот Законик. Во повеќе наврати од страна на --- и --- била заплашувана и уценувана дека не и било местото во таа организациона единица туку дека местото и било на улица поради нејзината политичка припадност и претходните работни задачи кои ги извршувала во --- на --- на ---.

Истакнува дека на 27.09.2025 година од страна на Министерство за --- – Директор на ---, --- била донесена --- за --- по --- бр. --- која и била врачена во просториите на --- на 28.10.2025 година од страна на вработената --- која и дала усна наредба да се јави во --- каде требало да ги извршува работните задачи и каде продолжила истото да го прави. По ова истата писмена наредба со сменет датум почнувајќи од --- година со важност до --- година, а изготвена на --- година со бр. --- повторно и била врачена во простории на --- каде повторно од страна на вработената --- и била дадена усна наредба да се јави на извршување на рабтни задачи во --- каде и продолжила да ги извршува задачите. По завршување на --- и нејзиното враќање на старото работно место согласно решението – --- во ---, Одделение за ---, на --- година веднаш била повикана во просториите на ---, па од страна на вработената --- повторно и била врачена писмена наредба изготвена на --- година со број --- со важност до --- година и од страна на именуваната и била дадена усна наредба да се јави во --- за извршување на работните задачи како што и сторила.

Подносителката во претставката појаснува дека горенаведените --- за извршување на работни задачи по --- сеуште ги извршува и истите се однесуваат за вршење на службени задачи во административна смена каде и било ускратено правото на извршување на работни задачи за време на викенд, ноќни часови, работа во смени и часови за прекувремена работа. Воедно, посочува дека согласно позитивни законски прописи писмена наредба имала важност 30 дена, но во нејзиниот случај истата континуирано се продолжувала што значително влијаело на нејзината здравствена состојба, работниот морал и интегритет што го толкува и како обид работодавачот да ја претстави како политички неработник што било факт кој ја потврдува дискриминацијата која ја вршеле врз неа иако во целокупното работно искуство немала проблеми и стекнала бројни резултати меѓу кои --- како потврда за нејзиниот професионален интегритет. За време на извршување на работните задачи согласно наредбите, забрането и било влегување и задржување во просториите на --- од страна на --- и --- во дежурната просторија со изговор дека местото и било на улица и наведува дека и била вршена контрола во повеќе наврати додека била на работно место – улица.

На 26.02.2026 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се обрати со барање бр. 08-154/2 за добивање на произнесување по наводи во

претставка до Министерство за ---, и тоа конкретно до ---, ---, ---, директорот на ---, ---, ---, помошникот --- на ---, помошникот --- за Оддел за --- и до --- на Министерството за ---.

Во меѓувреме, подносителката на 24.03.2026 година достави до Комисијата дополнување на претставката заведено под број 08-154/3 кон кое ги достави следните писмени докази во фотокопие:

- Решение на --- . Бр. --- од --- година,
- Наредба бр. --- од --- година,
- Наредба бр. --- од --- година,
- Барање бр. --- од --- година,
- Службена белешка од --- година и
- Извештај за привремена спреченост за работа.
-

Исто така, подносителката на 31.03.2026 година достави до Комисијата дополнување на поднесената претставка и кон истото ги достави следните докази во фотокопие:

- Записник за --- пред Оддел за --- од --- година,
- Извештај од --- од --- година,
- Извештај од --- од --- година и
- Службена белешка од --- од --- година.

На 01.04.2026 година од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше направен обид за вршење увид и службен разговор со --- на ------ и со --- на ---, ---, а врз основа на барање бр. 08-154/5 кој не беше реализиран.

На 03.04.2026 година Комисијата достави Ургенција бр. 08-154/7 до министерот за ---, а со оглед на потребата за прибавување на потребните произнесувања од страна на лицата до кои барање за произнесување беше доставено. Исто така, на 03.04.2026 година Ургенција бр. 08-154/8 беше доставена и до --- на ---, ---, а со оглед на веќе наведената потреба, земен предвид фактот дека законски утврдениот рок за произнсување по наводите беше истечен. Воедно, со оглед на новите факти и околности изнесени во последното дополнување на претставката од подносителката, на 03.04.2026 година беше доставено барање бр. 08-154/9 за произнесување по наводи во дополнување на претставка и до --- при ---.

На 16.04.2026 година до Комисијата беше доставено дополнување на претставка кон кое беше приложено во фотокопие:

- Конзилијарно мислење бр. --- од --- година од ---,
- Извештај од --- од --- година и
- Оценка на привремена спреченост за работа на првостепена лекарска комисија од --- година.

На 16.04.2026 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по електронски пат беше доставено известување заведено под број 08-154/12 од адвокат --- со кое именуваната ја извести Комисијата дека во понатамошниот тек на постапката пред истата ќе настапува како полномошник на

подносителката. Воедно, прилог кон известувањето е полномошно потпишано од подносителката --- и Ургенција за постапување по претставка бр. 08-154/1.

На 20.04.2026 година подносителката повторно достави до Комисијата дополнување на претставката заведено под број 08-154/13 во кое наведува дека се чувствувала загрозено од аспект на безбедноста, нејзина и на членови на нејзиното семејство и дека постојано добивала индиректни закани и притисоци од страна на нејзини колеги, а во врска со предметот на дополнувањето на претствката кој се однесува на постапувањето на ---.

По ова, на 22.04.2026 година во Комисијата е пристигнат одговор --- од --- година на Министерство за ---, Оддел за --- во кој се наведува дека од страна на --- прва претставка против --- заклучно со доставената ургенција од Комисијата, до --- биле поднесени --- претставки/пријави. На 15.02.2025 година била испратена претставка до министерство за --- во врска со "---" против --- на --- и била евидентирана во --- со --- од --- година, а потоа примерок од претставката доставен во писмена форма од истиот подносител бил препратен за натамошно постапување од страна на ---. Поднесената претставка согласно член --- од Правилникот за --- бил доставен до --- за вршење на потребни проверки и соодветно постапување, а за истото писмено била известена подносителката. По извршените проверки од страна на --- било утврдено дека наводите во поднесената претставка биле неосновани и за ова исто така била известена подносителката.

Во одговорот исто така се наведува дека од страна на --- по електронски пат била поднесена претставка за неовластено фотографирање во просториите на --- од страна на --- - --- на Одделение за --- во --- во која било наведено дека на --- година од страна на --- во наведената организациона единица каде била вработена, била запознаена дека --- неовластено ја фотографирал по што му се обратила со текстуални пораки на апликацијата за комуникација Viber и го известила дека била запознаена со фактот дека тој направил фотографија од неа во --- на ---, а од негова страна добила порака со признание дека истиот направил таква фотографија. Од страна на --- поднесената претставка била евидентирана, биле извршени соодветни проверки според кои не биле утврдени докази со кои се потврдувале наводите во претставката за што била известена и подносителката. Крајно, наведено е дека на 27.03.2026 година од страна на --- била поднесена претставка до --- против --- во --- дека била избркана од просториите на --- каде извршувала работни задачи по писмена наредба по што откако биле извршени потребни проверки од страна на --- било утврдено дека наводите во претставката биле неосновани.

Во однос на наводите во ургенцијата за поднесена претставка од страна на --- против --- од --- во која како прилог е доставен --- за пријавено кривично дело ""---" , --- ја извести Комисијата дека поднесениот записник од страна на пријавителката до --- на ден --- година бил соодветно евидентиран и во тек било преземање на потребни --- по насока од надлежно --- кое веќе било известено за пријавениот настан и по завршување на --- ќе бил сочинет соодветен --- до --- како и соодветно известување до подносителката на пријавата.

На 27.04.2026 година подносителката --- достави до Комисијата дополнување бр. 08-154/15 со кое ја извести Комисијата дека истиот ден била известена за потребата да и биде извршен вонреден лекарски преглед во Поликиника --- заради отворено боледување поради нарушена здравствена состојба која била последица на случувања со ---. Наведено е дека именуваната не се чувствувала безбедна со оглед дека именуваниот бил на истото работно место без да му биде --- и дека имала информација дека истиот вршел притисок кон одредени колеги и колешки лажно да сочинувале службени белешки против неа.

На 06.05.2026 година во Комисијата е пристигнато известување --- од --- година кон кое приложена е службена белешка составена од --- бр. --- од --- година во која именуваниот појаснува дека против него има поднесено и --- и наведува дека на --- година во период од 07 до 19 часот во месечниот распоред бил предвиден за работа каде извршувал работни задачи – --- во ---. Според описот и пописот на работното место законски бил задолжен да врши --- на сите --- кои биле предвидени на работа тековниот ден. Од негова страна во 07 часот на сите --- во сала за --- извршен бил --- по што истите биле испратени на терен да извршуваат работни задачи. Во 08 часот полицискиот службеник --- која била предвидена на работа дошла со закаснување, во 08.10 часот па од негова страна и било укажано дека работното време почнувало од 08 часот на што му возвратила кој е тој да и кажува кога да дојде на работа, дека тој не бил нејзин старешина. На именуваната и рекол да се упати кон --- за извршување ---. Откако отишол во ---, на --- и укажал да извади на увид опрема за ---, поточно ---, но именуваната според наводите не постапила по неговата наредба односно ја одбила истата поради што и рекол дека нема да ја пушти на терен да извршува работни задачи и ќе била вратена дома бидејќи немала опрема. По ова се предомислила, ја покажала опремата, но за времетраење на --- била дрска и непристојно се однесувала и на висок тон се расправала со него. Иманувaниот и врачил наредба за вршење работни задачи и била испратена на терен. Во службената белешка именуваниот наведува дека неговиот однос кон --- бил професионален и во ниеден момент не и бил извршен --- бидејќи во --- каде бил извршен --- за времетраење на --- присуствувала и ---. Обвинувањата кон него не биле вистинити и за истото се водела предистражна постапка за што дополнително ќе се произнесело надлежно ---. За целиот настан посочува дека од негова страна била изготвена ---.

На 08.05.2026 година во Комисијата е пристигнато известување --- од --- година од --- во кој е наведено дека претставката за заштита од дискриминација од подносителката --- била испратена до организациските единици во секторот каде биле распоредени лицата наведени во истата со цел нивно произнсување по наводите на истата па откако истите ќе ги доставеле нивните одговори истите ќе биле доставени и до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Врз основа на сето изнесено, односно по детален увид во наводите во претставката, повеќето дополнувања на истата, приложените докази, единствениот прибавен одговор – на --- и признесувањето на ---, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, утврди дека кон подносителката --- од --- е сторено вознемирување врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи од

страна на Министерство за --- – Сектор за --- и ---, ---. Со ваковото постапување сторено е вознемирување како форма на дискриминација онака како е тоа утврдено со член 10 од Закон за спречување и заштита од дискриминација според кој *"Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Ваквото постапување Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го констатира најнапред од неколкуте наредби кои работодавачот ги донел на име на подносителката за вршење на работни задачи кои се донесувани последователно, и тоа наредба на --- година во траење од --- година заклучно со --- година за вршење на работи и задачи по --- во ---, наредба од --- година во траење од --- година заклучно со --- година за вршење на работи и задачи по --- во ---, наредба од --- година во траење од --- година заклучно со --- година за вршење работи и задачи по --- во --- и наредба од --- година во траење од --- година заклучно со --- година за вршење работи и задачи по --- во ---. Воедно, земен беше предвид записник за --- од --- за сторено --- кон неа од страна на ---, кон кој беа приложени медицински извештаи од --- и --- во кои е евидентиран податок за физички напад на работното место. Дополнително, од страна на работодавачот до денот на одлучувањрто по претставката, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не беше доставено детално произнесување по наводите во претставката во кое би биле изнесени факти и околности со кои би се побиле оние на подносителката истакнати во претставката па да се докаже дека кон неа не е сторено констатираното вознемирување. Исто така, од расположливиот доказен материјал Комисијата не беше во можност да утврди дека работодавачот превземал мерки за создавање на услови кои значат безбедна работна средина за подносителката на претставката.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење, па во согласност со член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврденото вознемирување, а со цел отстранување на повредите на правото, ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА Министерството за --- – Сектор за ---** во иднина да им обезбеди соодветни и еднакви услови за работа на сите вработени во секторот вклучително и на подносителката на претставката --- со што ќе се превенираат состојби на вознемирување на работно место врз дискриминаторски основ, а тоа ќе резултира со непречено и успешно извршување на работите и задачите.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА ---**, --- во иднина да се воздржи од превземање на било какви дејствија кои значат или имаат елементи на вознемирување на работно место врз било која дискриминаторска основа кон подносителката --- од ---.

Доколку Министерството за ----Сектор за --- и ---, вработен во ---, не постапат по препорачаното со ова мислење , Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје,
28.05.2026 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:

- ---
- ---
- ---
- Архива на КСЗД